

Медиумите пренесоа дел од излагањата на воведничарите на Втората средба на Заедничкиот консултативен комитет за граѓанско општество на Европската Унија и Република Македонија. Подолу се некои од објавените прилози.

**Правата на хомосексуалците да влезат во Законот**

Евроамбасадорот Фуере бара да се смират конфронтативните тонови помеѓу власта и невладиниот сектор, и правата на хомосексуалците да влезат во законот за антидискриминација, во спротивно Македонија ќе имала лош извештај за напредокот во 2010.

Фуере со заканувачки ноти до власта-вели Извештајот на Унијата се пишува од почетокот на годината и треба да се винимава на постапките.

Реформите во земјава продолжуваат и се одвиваат во согласност со препораките на Европската Унија.Министерот Џељал Бајрами потсети дека законот за антидискриминација е веќе во собрание и се чека да стигне на дневен ред.

Заедничкиот консултативен комитет пак бара да се врати старата верзија на законот во кој беа заштитени правата на хомосексуалците.

Барање за повлекување на законот за недискриминација побараа и 50-тина невладини организации.

Весна Ќуксановиќ

Извор: СИТЕЛ (25.02.2010)

Извор: ТЕЛМА (25.02.2010)

Извор: АЛФА (25.02.2010)